**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.11-402**
**02.10.2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 6 став 1 алинеја 4 и член 20 став 1 алинеи 1 и 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), член 124 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Известувањето бр.11-3882/2 од 29.09.2017 година за потреба од корекција на Писмениот извештај за извршен програмски надзор на Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово (бр.11-3882/1 од 04.09.2017 година) и Коригираниот писмен извештај за извршен програмски надзор на Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, бр.11-3882/3 од 29.09.2017 година, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## со кое се огласува за ништовно Решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси

1. **СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО** во целост Решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп 1 бр.11-371 од 07.09.2017 година.

2. Ова Решение е конечно.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-3882/1 од 04.09.2017 година, донесе Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп 1 бр.11-371 од 07.09.2017 година, со кое го опомена Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, заради извршена повреда на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), односно поради тоа што го реемитувал програмскиот сервис „Tring Action" кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата.

Со предметното Решение на Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово му беше наложено веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис.

На 22.09.2017 година, од страна на Стопанската интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ-Скопје до Агенцијата е доставен допис бр.11-4181/1, со писмено

известување од Тринг ТВ, Тирана, Албанија во кое се посочува дека е направена промена на името на програмскиот сервис „Tring Max" во „Tring Action". Дополнително, на 27.09.2017 година Друштвото за трговија и услуги Тринг Макс ДООЕЛ Скопје кое е евидентирано во Регистарот за застапници на програмски сервиси и филмски, спортски и други права што го води Агенцијата, како застапник на повеќе програмски сервиси вклучително и програмскиот сервис „Tring Max", достави известување бр.11-4181/1 во кое е наведено дека програмскиот сервис „Tring Max" е ребрендиран во програмскиот сервис со назив „Tring Action".

Поради тоа, Секторот за стратешко планирање и авторски права извести дека е потребно да се поништи Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-3882/1 од 04.09.2016 година и да се завери новиот коригиран извештај од програмски надзор на Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, а Решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп 1 бр.11-371 од 07.09.2017 да се огласи за ништовно.

Со коригираниот Писмен извештај за извршен програмски надзор врз Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово бр.11-3882/3 од 29.09.2017 година (Прилог бр.1 кон ова Решение) не се констатирани прекршувања.

Со оглед на сето понапред наведено, а врз основа на член 6 став 1 алинеја 4 и член 20 став 1 алинеи 1 и 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), член 124 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Известувањето бр.11-3882/2 од 29.09.2017 година за потреба од корекција на Писмениот извештај за извршен програмски надзор на Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово (бр.11-3882/1 од 04.09.2017 година) и Коригираниот писмен извештај за извршен програмски надзор на Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, бр.11-3882/3 од 29.09.2017 година, се донесе решение како во диспозитивот.

Согласно член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговиот прием.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение, ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, има право да поднесе тужба до надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговиот прием.

Прилог (1):

- Коригиран писмен извештај за извршен програмски надзор бр.03-3882/3 од 29.09.2017 година.

Доставено до:

- Агенција за електронски комуникации;
- Помошник раководител на Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово;
- Управител на Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово